Архивски број: 08-74/2
03-02-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-467/1 од 05.09.2022 година, поднесена од [redacted] од Гостивар против Министерство за внатрешни работи, за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 11.01.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА директна дискриминација врз лицето [redacted] од Гостивар врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Министерство за внатрешни работи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-467/1 на 05.09.2022 година од страна на [redacted], со адреса на живеење на ул [redacted], Гостивар, вработен во Министерство за внатрешни работи, Полициско одделение Ростуше на работно место Помлад инспектор во униформа.

Подносителот во претставката тврди дека врз него е сторена дискриминација врз основ на политичко уверување од страна на Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност и Секторот за внатрешни работи Тетово преку ПС ОН Гостивар од каде што се испраќаат предлози, со тоа што со Решение на Министерството за внатрешни работи бр. 22.6-81094/1 од 26.10.2020 година бил распореден од работно место Помлад инспектор Водич на безбедносен реон во ПС ОН Гостивар на работно место Помлад инспектор Водич на безбедносен реон во ПО Ростуше. Со таквото распоредување тој бил распореден надвор од неговото место на живеење со што патувал секој ден од неговото место на живеење во Гостивар до работното место во Полициското одделение во Ростуше кое од Гостивар е на растојание од околу 50 километри во еден правец или околу 100 километри патување во двата правци. Подносителот наведува во претставката дека тој бил распореден во ПО Ростуше врз основа на член 111 од Законот за внатрешни работи, односно по „потреба на службата". Тој во претставката тврди дека иако поднел барање за надомест на патните трошоци, истите не му биле одобрени со образложение дека во согласност со таквото распоредување нема основ за надоместување на патни трошоци. Подносителот во претставката истакнал писмени докази кои се однесуваат на други


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

вработени во МВР кои на ист или сличен начин како него се распоредени на работни места надвор од место на живеење и на кои со решенија од Министерството им било признаено право на патни трошоци, со што смета дека е дискриминиран споредбено со други вработени во Министерството за внатрешни работи. Тој наведува дека со таквото прераспоредување и согласно распоредот на неговото работно време бидејќи не може да го користи јавниот превоз, тој е приморан да патува со сопствено возило со што неговите трошоци за превоз изнесуваат околу 40% од неговата месечна плата. Понатаму, подносителот во претставката навел дека покрај неговото распоредување на работно место надвор од неговото место на живеење, по барање на началникот на СВР Тетово на 30.11.2021 година од страна на работодавачот бил изваден од Посебната Единица на Полиција – ПЕП, во чиј состав бил повеќе од 12 години и од чиј претходен ангажман добивал додаток на плата од 20%. Тој во претставката наведува и дека за разлика од останатите вработени во ПО Ростуше не е ангажиран на работа прекувремено, односно за време на неработни денови и државни празници, што значи помали месечни приходи и право на бонус плата согласно Колективниот договор на МВР во случај на надминување 150 прекувремени часа на годишно ниво. Напротив, тој многу ретко бил ангажиран прекувремено, односно само кога немало други полициски службеници на располагање, земајќи го во предвид периодот од месец април до месец септември 2022 година. Според подносителот ваквите дејствија на дискриминација во работниот однос спрема него биле од причина што тој е симпатизер на опозициска политичка партија.

Кон претставката во копии подносителот поднел: Решение бр. 22.6-81904/1 од 14.10.2020 година на Министерството за внатрешни работи за распоредување на работно место; Барање бр. 226-32811/2 од 05.04.2021 година до Биро за јавна безбедност за надомест на патни трошоци; Известување бр. 22.27.3-8763/1 од 08.04.2021 година на Министерството за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност; Решение бр. 226-97203/4 од 10.12.2020 година на Министерството за внатрешни работи за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на [redacted] од Велес; Решение бр. 226-97202/1 од 10.12.2020 година на Министерството за внатрешни работи за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на [redacted] од Велес; Решение бр. 22.6-5080/1 од 21.01.2021 година на Министерството за внатрешни работи за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на [redacted] од Прилеп и Барање бр. 22.27.5-11416/1 од 23.11.2021 година од Началник на СВР Тетово [redacted] до Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност за ослободување на полициски службеници од формацијата на ПЕП при СВР Тетово.

Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08-467/2 на 19.09.2022 година се обрати до Министерство за внатрешни работи, односно Бирото за јавна безбедност за да се изјасни по наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Министерство за внатрешни работи, односно Бирото за јавна безбедност се изјасни по наводите на претставката со Одговор бр. 22.6-94784/1 од 26.09.2022 година доставен на 28.09.2022 година до Комисијата и заведен под бр. 08-467/3.

Во одговорот се истакнува дека организациската единица каде е распореден подносителот на претставката, односно Полициското одделение Ростуше е организациска единица во состав на Полициската станица од општа надлежност Гостивар. Понатаму, се истакнува дека правото на патни трошоци предвидени во член 47 од Колективниот договор на МВР се однесува единствено на работници кои се распоредени на работни места надвор од местото на живеење за временски период од шест месеци согласно одредбите од член 46 од истиот Колективен договор. Следствено на тоа, се истакнува дека подносителот на претставката не е распореден согласно одредбите од член 46 од Колективниот договор, а дополнително се наведува дека сите работници кои сметаат дека со распоредување на работно место им е повредено некое право од работен однос, имаат право на правна заштита со поднесување на редовен правен лек до надлежниот второстепен орган согласно правната поука во решението за распоредување. Во одговорот се истакнува дека [redacted] поднел редовен правен лек, приговор на решението за негово распоредување на работно место и кој приговор од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен бил одбиен како неоснован. Понатаму, во однос на наводите за вадењето од формацијата и престанокот на ангажманот на подносителот на претставката во Посебната единица за поддршка (ПЕП), во одговорот се истакнува дека престанокот на неговиот ангажман во ПЕП на 01.12.2021 година, по барање на началникот на СВР Тетово бил поради непополнетоста на организациската единица каде бил распореден подносителот и потребата од негово присуство на работното место каде бил распореден. Престанокот на ангажманот на подносителот во ПЕП било во согласност со член 12 и член 14 од Правилникот за спроведување на постапката за прием, ангажирање и престанување на ангажманот на припадниците на посебната единица за поддршка.

Комисијата на 02.11.2022 година до Началникот на СВР Тетово поднесе Барање бр. 08-467/5 да се достават податоци, односно да се даде појаснување за причината поради која е поднесен предлог за повлекување на [redacted] од ПЕП, да се достави копија од предлогот за повлекување на [redacted] од ПЕП и дали на [redacted] кој е распореден на работно место во ПО Ростуше за потребите на МВР му се обезбедени патни и останати трошоци. На истиот датум, Комисијата поднесе Барање бр. 08-467/7 до Началникот на ОВР Гостивар, да се доставаат податоци, односно копија од решение со кое е распореден [redacted] во ПО Ростуше, на која далечина е преместен [redacted] од местото на живеење, да се даде образложение за причините поради кои преместувањето трае подолго од шест месеци, како и дали на именуваниот му се обезбедени патни трошоци во врска со неговото преместување.

Дополнително, Комисијата на 11.11.2022 година достави Барање на податоци бр. 08-467/8 до Министерството за внатрешни работи, односно помошник директор Виолета


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Влаховиќ, за тоа дали се исплаќаат патни трошоци на лицата [redacted] од Велес, самостоен инспектор во НТ со дрога и оружје во НККР Кавадарци, [redacted] од Велес, виш инспектор за општ криминалитет во НККР Кавадарци и [redacted] од Прилеп, полицаец во ПО Ропотово.

Министерството за внатрешни работи на 25.11.2022 година достави податоци до Комисијата Известување бр. 226-116314/1 во врска со распоредување на работно место за [redacted] од Велес, [redacted] од Велес и [redacted] од Прилеп. Во известувањето се истакнува дека на работниците [redacted] од Велес и [redacted] од Велес со цитираните решенија им било признато правото на надомест на трошоци за превоз, од причини што тие биле распоредени на работни места во организациска единица која се наоѓа во друг град, односно која е одвоена во територијална смисла од нивното место на живеење во Велес. Понатаму, во однос на работникот [redacted] од Прилеп кој со Решение за распоредување бр. 22.6-69910/1 од 09.09.2020 година од работно место полицаец во ПС од ОН Прилеп бил распореден на работно место полицаец во ПО Ропотово, во известувањето се истакнува дека правото на надомест на трошоци за превоз му било признаено од страна на надлежен суд со донесена правосилна пресуда. Имено, во известувањето Министерството наведува „со решение на министерот бр. 22.6-5080/1 од 21.01.2021 година на именуваниот му било признаено правото на надомест на трошоци за превоз на релација Прилеп-Ропотово и обратно, за да потоа со решение бр. 22.6-48617/1 од 20.05.2021 година донесено од страна на министерот се поништи вака донесеното решение бр. 22.6-5080/1 од 21.01.2021 година, а од причина што тужителот бил распореден на работно место согласно неговото место на живеење, односно во организациска единица во состав на ПС од ОН Прилеп. По поведена судска постапка од страна на именуваниот, од страна на Основниот суд во Штип донесена е пресуда РО.бр.647/21 од 23.02.2022 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд во Штип РОЖ-86/22 од 07.04.2022 година, со која тужбеното барање на тужителот Љупчо Маркоски од Прилеп се усвојува и се поништуваат како незаконити решението бр.22.6-48617/1 од 20.05.2021 година на министерот за внатрешни работи и решението РО.бр.0901-214 од 22.07.2021 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.". Следствено на тоа, во известувањето се укажува на тоа дека Министерството за внатрешни работи е на мислење дека надомест на трошоци за превоз не им следува на работниците распоредени на работни места во полициските одделенија, од причина што истите се организациски единици во состав на самата полициска станица од општа надлежност и дека наведеното било потврдено и во случајот со работникот [redacted] за кого трошоците за превоз не се признаени од страна на Министерството, туку од страна на надлежниот судски орган. На крај во известувањето се истакнува дека Министерството смета дека работниците кои се распоредуваат на работни места во полициски одделенија не се дискриминирани, односно дека воопшто во Министерството не се врши дискриминација на работниците по ниту еден основ и истото во целост ги штити правата на работниците загарантирани со Уставот на РСМ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

и законските прописи, а самиот процес на работа се одвива согласно начелата на недискриминација и еднаквост на работниците во нивните слободи, права и обврски предвидени со Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Колективниот договор на МВР и останатите законски и подзаконски акти од делокругот на работењето во Министерството.

Во прилог на горенаведеното известување на МВР во копии приложени се: Решение бр. 22.6-90075/1 од 16.11.2020 за распоредување на работно место на [redacted] Решение бр. 22.6-44709/1 од 10.05.2021 за распоредување на работно место на [redacted] Решение бр. 22.6-97203/1 од 10.12.2020 за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на [redacted] Решение бр. 22.6-58719/1 од 08.06.2021 за престанок на важност на Решение бр. 22.6-97203/1 од 10.12.2020 за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на [redacted] Решение бр. 22.6-69330/1 од 07.09.2020 за распоредување на работно место на [redacted] Решение бр. 22.6-33348/1 од 06.04.2021 за распоредување на работно место на [redacted] Решение бр. 22.6-97202/1 од 10.12.2020 за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на Ангел Самараков; Решение бр. 22.6-58723/1 од 08.06.2021 година за престанок на важност на Решение бр. 22.6-97202/1 од 10.12.2020 за признавање на право на надомест на трошоци за превоз на [redacted] Решение бр. 22.6-69910/1 од 09.09.2020 за распоредување на работно место на [redacted] Решение бр. 22.6-12340/1 од 05.02.2020 за распоредување на работно место на [redacted]

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Комисијата, имајќи ги во предвид изнесените факти и околности од двете страни, од подносителот [redacted] и од Министерството за внатрешни работи и обезбедените податоци во врска со конкретниот случај, ја утврди следната фактичка состојба:

[redacted] со Решение на Министерството за внатрешни работи бр. 22.6-81094/1 од 26.10.2020 година бил распореден од работно место Помлад инспектор Водич на безбедносен реон во Полициска станица од општа надлежност Гостивар на работно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

место Помлад инспектор Водич на безбедносен реон во Полициско одделение Ростуше во согласност со член 111 став 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на РМ" бр. 116/2014; 33/2015; 33/2015; 96/2015; 5/2016; 120/2016; 127/2016; 142/2016; 190/2016; 21/2018 и 135/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 108/2019; 275/2019; 110/2021 и 89/2022), а кое Полициско одделение е оддалечено околу 50 километри од неговото место на живеење.

Членот 111 став 1 од Законот, кој се однесува на распоредување по потреба на Министерството, гласи:

„(1) По потреба на Министерството, работник може да биде распореден на друго работно место, кога:

- се исполнети условите од членот 107 од овој закон и кога за работното место на кое се распоредува работникот е утврдена основна плата што е еднаква со основната плата од работното место од кое се распоредува и
- во Министерството се вршат промени во организациската структура или во однос на бројот на работните места во актите за организација и работа и за систематизација на работните места на Министерството, а нема потреба да се намали бројот на вработените, доколку се исполнети условите од членот 107 од овој закон.".

Согласно членот 107 од Законот за внатрешни работи, „(1) Распоредување на работник може да се изврши само ако се исполнети следниве услови:

- работното место на кое се распоредува работникот е во организациска единица во местото на живеење на работникот,
- работното место на кое се распоредува е слободно или упразнето,
- работното место на кое се распоредува е идентично по вид во рамки на исто ниво согласно Класификацијата на работните места,
- работникот ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места утврдени за работното место на кое се врши распоредување (вид на образование, потребно работно искуство и слично) и
- на работното место на кое работникот се распоредува, се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место од кое работникот се распоредува.".

[redacted] поднел приговор бр. 22.6-81094/2 на 18.11.2020 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен против Решението за распоредување на МВР бр. 22.6-81094/1 од 26.10.2020 година, а кој приговор од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен бил одбиен како неоснован со Решение РО. број 0901-46 од 18.02.2021 година. Приговорот бил одбиен од причини што Државната комисија утврдила дека Министерството правилно ја утврдило фактичката состојба, односно дека [redacted] со место на живеење бил во Гостивар каде ПС ОН Гостивар била како организациската единица и во чии рамки е ПО Ростуше како организациска единица во која тој бил распореден.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На 05.04.2021 година [redacted] поднел барање бр. 226-32811/2 до Бирото за јавна безбедност со кое барал да му се издаде решение за надоместок на трошоци за превоз во согласност со член 113 став 5 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021).

Со Известување рег. бр. 22.6-152011 од 06.04.2021 година на Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност потпишано од помошник директор [redacted] било одговорено на горенаведеното барање од [redacted] дека ПО Ростуше е организациска единица во состав на ПС ОН Гостивар, ОВР Гостивар, па согласно тоа нема правен основ за постапување по поднесеното барање.

Со Барање бр. 22.27.5-11416/1 од 23.11.2021 година од Началник на СВР Тетово [redacted] до Министерството за внатрешни работи за ослободување од формација на ПЕП, на [redacted] на 01.12.2021 година му престанал ангажманот во ПЕП.

Во споредба со [redacted] вработената [redacted] од Велес, самостоен аналитичар за криминалистичко-разузнавачка анализа во отсек за криминалистичко-разузнавачка анализа, одделение за криминалистичко-разузнавачка анализа, Сектор за внатрешни работи Велес со Решение бр. 22.6-90075/1 од 16.11.2020 година за потребите на министерството е распоредена на работно место самостоен инспектор за недозволена трговија со дрога и оружје во Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кавадарци, одделение за внатрешни работи Кавадарци, Сектор за внатрешни работи Велес. На истата со Решение бр. 22.6-97203/1 од 10.12.2020 и се признава право на надомест на трошоци за превоз во согласност со член 113 став 5 од Законот за работните односи, на релација од Велес до Кавадарци и обратно.

[redacted] од Велес вработен како виш инспектор за општ криминалитет во отсек за општ криминалитет, одделение за криминалистичка полиција, СВР Велес со Решение бр. 226-69330/1 од 07.09.2020 година за потребите на министерството е распореден на работно место виш инспектор за општ криминалитет, Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кавадарци, одделение за внатрешни работи Кавадарци, Сектор за внатрешни работи Велес. На истиот со Решение бр. 22.6-97202/1 од 10.12.2020 му се признава право на надомест на трошоци за превоз во согласност со член 113 став 5 од Законот за работните односи, на релација од Велес до Кавадарци и обратно.

[redacted] од Прилеп, вработен како полицаец во Полициска станица од општа надлежност Прилеп, СВР Битола со Решение бр. 22.6-69910/1 од 09.09.2020 за потребите

на министерството се распоредува на работно место полицаец во Полициско одделение Ропотово, Полициска станица од општа надлежност Прилеп, СВР Битола. На истиот со Решение бр. 226-5080/1 од 21.01.2021 година му се признава право на надомест на трошоци за превоз во согласност со член 113 став 5 од Законот за работните односи, на релација од Прилеп до Ропотово и обратно. Со решение бр. 22.6-48617/1 од 20.05.2021 година донесено од страна на министерот за внатрешни работи се поништува Решението бр. 22.6-5080/1 од 21.01.2021 година, а од причина што тужителот бил распореден на работно место согласно неговото место на живеење, односно во организациска единица во состав на ПС од ОН Прилеп. Со пресуда РО.бр.647/21 од 23.02.2022 година на Основниот суд во Штип и потврдена со пресуда на Апелациониот суд во Штип РОЖ-86/22 од 07.04.2022 година, тужбеното барање на тужителот [redacted] од Прилеп се усвојува и се поништуваат како незаконити решението бр.22.6-48617/1 од 20.05.2021 година на министерот за внатрешни работи и решението РО.бр.0901-214 од 22.07.2021 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Имено, Основниот суд во Штип во предвид ги земал членот 113 ставови 4 и 5 од Законот за работните односи и членот 21 став 1 алинеја 2 од Општиот колективен договор за јавен сектор и со пресудата го усвоил тужбеното барање на тужителот од причини што тужениот (МВР) го распоредил тужителот [redacted] во ПО Ропотово и со тоа тужителот заради извршување на работните задачи е приморан секојдневно да патува, поради што е изложен на реални трошоци за патување, не по негова вина, туку поради распоредувањето од страна на тужениот, па тоа значело дека решението со кое се поништило решението за признавање на правото на патните трошоци не може да биде во спротивност со законските одредби земени во предвид и истото судот го поништил како незаконито. Судот во носењето на пресудата не ги прифатил наводите на МВР дека [redacted] бил распореден во ПО Ропотово, кое пак одделение е во состав на ПС ОН Прилеп, па според тоа бидејќи бил распореден во иста полициска станица од општа надлежност која е иста со неговото место на живеење не му следувале трошоци за превоз. Ова од причини што судот сметал дека ПО Ропотово се наоѓа во друга општина, па [redacted] за да можел да ги извршува работите морал да користи превоз до работното место кое што е надвор од градот Прилеп.

Имено, членот 113 ставови 4 и 5 од Законот за работните односи, утврдува дека работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа, додека трошоците за исхрана можат да изнесуваат најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година, а трошоците за превоз во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај. Комплементарно на наведениот член од Законот, членот 21 став 1 алинеја 2 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 10/2008; 88/2008; 122/2008 и 85/2009), диспозицијата за работодавачот ја утврдува како негова обврска и право за работникот, определувајќи дека работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работа утврдени со закон и тоа на трошоци за

превоз до и од работа во случаи кога нема организирано превоз во висина на најниските реални трошоци.

Оттука, имајќи ја во предвид така утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека врз [redacted] е сторена директна дискриминација врз основа на политичко уверување од страна на работодавачот Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност и лицето [redacted] помошник директор во Бирото за јавна безбедност.

Имено, со [redacted] кој е во фактички споредлива ситуација со вработените [redacted] се постапувало понеповолно врз дискриминаторска основа во смисла на членот 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. [redacted] со несторување и со сторување, односно дејствија на работодавачот бил ставен во понеповолна положба во однос на други вработени во министерството, со тоа што му се оневозможувало признавање и остварување на правото на трошоци за превоз до работното место и обратно. Именуваниот не го уживал, односно остварил правото на еднаква основа со другите вработени, што е спротивно на начелото на еднаквост и спротивно на член 9 од Уставот на РСМ („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), кој утврдува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, односно граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Покрај тоа што со самото распоредување на работно место надвор од неговото живеење не му било признато правото за надомест на трошоци за превоз, на истиот и кога дополнително поднел барање за да му се издаде решение за надоместок на трошоци за превоз во согласност со член 113 став 5 од Законот за работните односи, со известување од страна на Бирото за јавна безбедност, односно помошник директор [redacted], не му било овозможено признавање на правото.

Дополнително на неговото распоредување на работно место оддалечено околу 50 километри од неговото место на живеење, [redacted] на 01.12.2021 година бил извaден и од Посебната единица за поддршка (ПЕП), со што истиот бил лишен од додатокот на плата за негов ангажман во ПЕП, со што холистички ваквите дејствија од страна на работодавачот, за Комисијата претставуваат насочени и мотивирани дејствија причински поврзани со дискриминаторскиот основ.

Горенаведеното е утврдено земајќи ја во предвид одредбата од членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно Комисијата ги сметаше за веројатни тврдењата на [redacted] за сторена дискриминација, па оттука


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

товарот на докажување во конкретниот случај преминува на Министерството за внатрешни работи како работодавач против кој е поднесена претставката. Следствено на тоа, Министерството за внатрешни работи, како и Бирото за јавна безбедност не го докажаа спротивното од тврдењата на подносителот, дека на истиот од оправдани причини не му било овозможено правото на надомест на трошоци за превоз од Гостивар до Ростуше и обратно, односно дека со истиот не се постапувало понеповолно врз основа на политичко уверување. Напротив и во самото Известување бр. 226-116314/1, Министерството за внатрешни работи истакнува дека на работниците [redacted] од Велес и [redacted] од Велес со цитираните решенија им било признато правото на надомест на трошоци за превоз, од причини што тие биле распоредени на работни места во организациска единица која се наоѓа во друг град, односно која е одвоена во територијална смисла од нивното место на живеење во Велес, што пак е случај и со [redacted] како распореден во организациска единица во Ростуше која е територијално одвоена од неговото место на живеење во Гостивар.

Субјективното толкување и примена на членот 111 став 1 и условите за распоредување од член 107 став 1 од Законот за внатрешните работи од страна на работодавачот, не може да се смета за оправдана причина за оневозможување на остварување на правото на надомест на трошоци за превоз, посебно во услови кога за истата работа постои судска пресуда со правилно утврдена фактичка состојба во однос на остварување на таквото право за распоредување надвор од местото на живеење.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува на работодавачот Министерството за внатрешни работи да ја отстрани дискриминацијата врз вработениот [redacted], со тоа што во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето, ќе овозможи еднаков третман на [redacted] со другите вработени во остварување на правото на трошоци за превоз до и од работа и за тоа да ја извести Комисијата.

2. Се препорачува на Бирото за јавна безбедност, односно помошник директорката [redacted] да ги преземе сите неопходни дејствија со цел отстранување на нееднаквоста од точка 1 на оваа препорака во предвидениот рок од истата точка и за тоа да ја извести Комисијата.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не се постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
4. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk